**З А П И С Н И К**
**од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 13.2.2018 година**

**Скопје, март 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 13.2.2018 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерката за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Златко Николовски, нотар, како и Ноел Хепворт и Мирослава Боричка од СИГМА.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на

Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Презентација од СИГМА во однос на „Клучните аспекти на јавната внатрешна финансиска контрола и раководна отчетност и одговорност“

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година

2. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија

3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

4. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со електронско јавно наддавање за изградба на објект со намена Е1-комунална инфраструктура, Е2-комунална супраструктура и Д1-парковско и зеленило, од јавен интерес, со Предлог-одлука

5. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со електронско јавно наддавање за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа), од јавен интерес, со Предлог-одлука

6. Информација за Регионална депонија Русино, општина Гостивар

7. Ценовник за висината на цената на суровата вода наменета за водоснабдување на населението на ЈП „Стрежево“-Битола, со Предлог-одлука

8. Информација за состојбата во Тутунскиот комбинат АД Прилеп и потребата од активно вклучување на Владата на Република Македонија

9. Барање за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво, од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски Железници Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука

10. Информација во врска со вложувања во инфраструктурни проекти финансирани од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој

11. Информација за повреда на договорните обврски од страна на компанијата „Продис“ ДОО Скопје, корисник на ТИРЗ Скопје 1 и потребата од започнување на постапка за наплата на средства поради активирање на договорни пенали за 2015 и 2016 година

12. Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство на лекови „Саген“ ДООЕЛ Скопје, како закупопримач.

13. Информација во врска со Програмата за инвестиции во водостопанството за 2018 година

14. Годишна програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2018 година, со Предлог-одлука

15. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Министерството за здравство и Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за на трајно одземени предмети во управна постапка на Министерството за здравство

16. Предлог-одлуки за давање согласност на Решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки (разна стока) на Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи

17. Барање за ослободување од давачки за набавка на спортска опрема и автомобил за врвен спортист Игор Стефановски - Иџе

18. Информација со Извештај за тековниот статус на болниците во процесот на акредитација

19. Информација со Акциски план за проектот контрола на здравствените установи од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со цел еднаков квалитет на здравствена услуга за секој граѓанин секаде во Македонија

**б) Економски систем и тековна економска политика**

20. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата

21. Информација во врска со Предлог-одлука за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - цементен лапорец на локалитетот „Усје“ Сопиште и Кисела Вода, општина Кисела Вода, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - цементен лапорец на лежиштето „Усје“, Скопје на „Цементарница Усје“ АД Скопје

22. Предлог-национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2018-2022 година

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Нова Брезница, општина Сопиште, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица со придружни содржини) покрај регионален пат Р1105 (Давидово -Дојран-гр. со Грција) локација Топлец КО Нов Дојран-вон г.р. и КО Нов Дојран, општина Дојран, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со придружни содржини со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Врбјани општина, Кривогаштани, со Предлог-одлука

26. Информација за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост на Исен Исени, Исни Синани, Камбер Синани и Хане Синани, со Предлог-одлука

27. Информација во врска со потребата за донесување на ново Решение за формирање Цивилно-воен комитет, со Предлог-решение

28. Информација за напредокот на реализација на активностите за набавка на мобилни пловни објекти за потребите на инспекторската служба при Капетанијата на пристаништата - Охрид

29. Информација за напредокот на активностите за изработка на наутичка карта за Охридско Езеро

30. Информација за напредокот на реализација на активностите за санација на пристаништата во Свети Наум, Радожда, Трпејца и Пештани, изградба на платформа кај Охридскиот аеродром

31. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Реконструкција на државен пат Гостивар-Кичево”

32. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на автопат Гостивар-Кичево”

33. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на автопат Скопје-Блаце”

34. Информација за започнување на постапка за спроведување на проектот „Подготовка на потребна проектна документација за изградба и проширување на канализационата мрежа, за изградба на пречистителна станица за отпадни води и водоснабдителен систем во општина Арачиново“

35. Информација во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската конвенција

36. Предлог-договор за доделување на државна помош на корисник на Технолошко индустриска развојна зона на Друштвото за производство, трговија и услуги „ВИК Македонија“ ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп, со Предлог-одлука

37. Информација за основање на Ревизорски комитет како постојано стручно тело на Владата на Република Македонија, со Предлог-одлука

**в) Политички систем**

38. Предлог-закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Израелската Влада за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход

39. Информација за програмата и приоритетите на Бугарското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија

40. Информација со Предлог-стратегија на Република Македонија за справување со пролиферација на оружје за масовно уништување и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни закани

41. Информација за правосилност на една одлуката на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Горан Димитриевски против Република Македонија А.бр. 18075/13, со Предлог-одлука

42. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права по однос на предметите Крстаноски и други против Република Македонија (А.бр.38024/08) и Гугоски и други против Република Македонија (А.бр.54726/08), со Предлог-одлука

### г) Човечки ресурси и одржлив развој

43. Информација за потребата од изменување и дополнување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2015-2020 и подготовка на нов Акциски план 2018-2020

44. Предлог-програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2018 година

45. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Мам“ ДОО Свети Николе за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

46. Информација во врска со реализацијата на Проектот-Изградба на културно-образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

47. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - кварцити на локалитетот „Грамади“ кај с.Оморани, Општина Чашка

48. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - кварц на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало „Емви-комерц“ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Бел Камен“, Општина Крушево

49. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - туларска глина на Акционерско друштво Оранжерии с.Хамзали Босилово на локалитетот „Петрино - Болно“ Општина Ресен

50. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - андезитски туфови на Друштвото за транспорт и трговија „Дм-Прециз“ ДОО Штип на локалитетот „Лозенско Брдо“, Општина Карбинци

51. Предлог-одлука за давање на согласност за пренос на акции

52. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги „Ас Гранулат“ ДОО експорт-импорт Струга на локалитетот „Градиште“ с.Могорче, Општина Дебар

53. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци

### б) Политички систем

54. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „DYNAMIC FRONT III 18-1, во Сојузна Република Германија

55. Предлог-одлука за затворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Албанија, со седиште во Драч

56. Предлог-решение за отповикување на Почесен конзул на Република Македонија во Република Албанија, со седиште во Драч

57. Предлог-решение за изменување на Решението за именување членови, заменици членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам

58. Барање на Иван Куков, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

59. Барање на Бариш Бумин, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

60. Барање на Цуковски (УЧАК) Алириза, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

61. Барање на Лангерас Консантинос, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

62. Барање на Есер Џевахир, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

### в) Човечки ресурси и одржлив развој

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Гостивар

64. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство-Скопје

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ - Скопје

### г) Предлози по кои Владата дава мислење

#### (а) По барање на Собранието на Република Македонија

66. Барање за давање на автентично толкување на член 107 став 1 од Кривичниот законик, поднесено од пратениците Панчо Минов и Ристе Ташев

67. Барање за давање на автентично толкување на член 218 став 1 од Законот за извршување, поднесено од пратеникот Томислав Тунтев

#### (б) По барање на органи, организации и други правни лица

68. Иницијатива од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.109/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 236 став 1 точка 4 и на став 2 точка 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/2015, 226/2015 и 55/2016)

69. Иницијатива од адвокат Димитар Петровски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.133/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за минимална плата во Република Македонија и Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија.

70. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.87/2017 донесено на седницата одржана на 20 декември 2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 14 во делот: „потпретседател на Владата“ од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ“ бр.36/1990 и „Службен весник на РМ“ бр.38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013 и 139/2014).

71. Понуда од нотар Драган Иванов за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.54371 за КО Кисела Вода 1 на КП бр.4552

72. Понуда од нотар Никола Спасовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192529 за КО Драчево 2 на КП бр.12227

73. Понуда од нотар Сашо Клисароски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1411 за КО Долно Лакочереј на КП бр.3116 и КП бр.1219/8, КП бр.485, КП 486/1 и КП бр.497/2 викано/место Габовци

74. Понуда од нотар Виолета Стефаноска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.98877 за КО Центар 1 на КП бр.9098

75. Понуда од нотар Ана Јолакоска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2153 за КО Сингелиќ- 1 на КП бр.3116 и КП бр.4079 викано место/ Стар пат СК-КУ

76. Понуда од нотар Ана Брашнарска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3230 за КО Маџари на КП бр.1107 викано место/улица 852

77. Предлог од нотар Лидија Смиљаноска од Скопје, за размена на недвижни ствари сопственост на Република Македонија со недвижни ствари - приватна сопственост со Имотен лист бр. 389 за КО Бујковци, пописен лист бр. 97 за КО Бујковци, пописен лист бр.98 КО Бујковци, пописен лист бр. 232 за КО Бујковци, Имотен лист бр. 54 за КО Бунарџик, Имотен лист бр. 129 за КО Миладиновци, Имотен лист бр.5371 за КО Миладиновци, Имотен лист бр. 5378 за КО Миладиновци, Имотен лист бр. 5452 за КО Миладиновци и пописен лист бр. 137 за КО Мршевци

**д) Други предлози**

78. Информација во врска со дополнување на предмети на седниците на работните тела на Владата (ГК, КЕСТЕП, КЧРОР и КПС) и седниците на Владата, по нивното закажување

79. Кадровски прашања

80. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

81. Тримесечен финансиски Извештај за работењето на ЈП „Службен весник на Република Македонија“ за период јули-септември 2017 година

82. Информација за вкупно потрошени финансиски средства за спроведување на Акцијата „Ден на дрвото-засади ја својата иднина” (од почетокот до сега), со резултатите и ефектот од реализацијата на акцијата (податоци за тоа колку од посадените садници преживеале)

83. Информација за Предлог-мерки за подобрување на финансиската состојба на ЈПВ Лисиче-Велес

84. Тромесечен финансиски извештај за работењето на АД „Македонска пошта“-Скопје за периодот IV-VI-2017 година

85. Информација за текот на производството на локомотивите, нивната техничка усогласеност со прописите на Европската Унија, како и за статусот на проектот, односно временска рамка за реализација на истиот

86. Информација за состојбата во која се наоѓаат набавените превозни средства и дали дел од нив се дадени на други оператори на користење

87. Конечен извештај за извршена ревизија на Финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година во ЈЗУ Здравствен дом во Кочани

88. Финансиски план за работењето на АД МЕПСО за 2018 година

89. Годишна програма за работа на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2018 година

90. Финансиски план на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2018 година

91. Информација за прогрес на активностите за реализација на проектот „Изградба и реконструкција на железничката делница Битола-Кременица како дел од кракот 10д од Коридорот 10"

92. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите во Скопје и во Охрид, заклучно со декември 2017 година на ТАВ Македонија

93. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на регионален пат Опае-Белановце-Станчиќ-граница со Косово"

94. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Доизградба на регионален пат крак 1 од Р-418 (фаза 2), на потег фабрика Вевчанка - Здравствен дом Вевчани, општина Вевчани"

95. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Модернизација и електронска наплата на патарини во Република Македонија"
96. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Рехабилитација на пат Кочани (Превалец) - Македонска Каменица - Делчево"

97. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на експресен пат Штип - Кочани"

98. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Рехабилитација на автопат Неготино - Демир Капија"

99. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Рехабилитација и реконструкција на пат Крива Паланка - Деве Баир"

100. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Реконструкција на регионален пат Скопје-Македонски Брод"

101. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на експресен пат Штип-Радовиш"

102. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Реконструкција на автопат Велес-Градско", рехабилитација на сообраќајна возна лента на државен пат А1, делница Велес (Штипска клучка) - Градско и Градско - Велес (Штипска клучка)

103. Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на автопат Миладиновци-Штип"

104. Извештај, за тоа, колку студенти досега се стипендирани од страна на Република Македонија во странство

105. Информација за преземените активности за реализација на проектот „Имплементација на законодавството за заемно признавање на професионалните квалификации“ финансиран од ИПА Компонента I - програма Помош при транзиција и јакнење на институции 2011 - во период март 2017 - септември 2017 и за завршниот период

106. Информација за статус на реализација на програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамки на Инструментот за претпристапна помош за период јуни- декември 2017 година

107. Извештај во врска со организирани и спроведени генерички обуки од областа на стратешко планирање во текот на четвртиот квартал 2017

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

108. Информација за можноста за барање за упатување на предметот „Православна Охридска Архиепископија (Грчко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија)“ против Република Македонија, А.бр. 3532/07 до Големиот судски совет на ЕСЧП

109. Информација за изработката на Извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО донесена на неговата 41. сесија (Краков, Полска 2017) за состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион - добро впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО со Предлог-извештај

110. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Заедницата на единиците на локалната самоуправа

111. Предлог-одлука за продажба на движна ствар-моторно возило

*

*    *

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Презентација од СИГМА во однос на „Клучните аспекти на јавната внатрешна финансиска контрола и раководна отчетност и одговорност"**

На седницата на Владата се одржа презентација за реформите во јавните финансии и за важноста на раководната одговорност во ефикасното управување на јавната администрација, на иницијативата на Делегацијата на Европската Унија во Скопје, најавена од страна на министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски.

Презентацијата „Внатрешна контрола и раководна отчетност“, подготвена од страна на СИГМА ја одржаа Ноел Хепворт и Мирослава Боричка.

Во презентацијата на СИГМА посебен фокус беше посветен на мониторингот за отчетноста во владините институции, со констатација дека во втората половина на 2017 година е направен исчекор во управувањето со институциите и внатрешната контрола, за разлика од првата половина на годината, при што беа искажани оцени за усогласувањето на политиките и стратегиите со финансиите.

Извештајот за мониторингот на СИГМА објаснува дека исчекорот напред во втората половина на 2017 година се должи на подготовката на двата стратешки документи „Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021 година“ и „Стратегијата за реформа на јавната администрација 2017-2022 година“.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, се заблагодари за презентацијата и за соработката, која претставува неопходна поддршка за унапредување на перформансите на Владата во однос на реформските процеси.

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата го разгледа Планот 3-6-9 (статус 13.2.2018 година) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да ги достави до Владата Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судови, Предлог-закон за изменување на Законот за Судскиот совет и Стратегија за информатичко комуникациска технологија во правосудството и истите да се разгледаат на наредната седница на Владата.

2. Во однос на мерката Дефинирање и усвојување на Нацрт-план за реформи за изборниот систем, рокот наместо јануари 2018 година, да биде крај на февруари 2018 година.

3. Се задолжуваат сите надлежни институции, согласно воспоставената практика секој четврток до Секретаријатот за европски прашања да доставуваат статус на реализација на мерките содржани во Планот 3-6-9.

По овој повод, Владата заклучи сите надлежни институции уште еднаш сериозно да ги разгледаат и завршат задолженијата содржани во Планот 3-6-9, а доколку некоја активност не може да биде завршена во предвидениот рок за истото да го информираат Секретаријатот за европски прашања.

4. Се задолжуваат сите надлежни институции да пријават закон, подзаконски акт, стратегија и акциски план со соодветна динамика (образец за пријавување на пропис/образец за пријавување на стратегија) до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 14 февруари 2018 година, до крај на работното време.

5. Се задолжуваат сите институции кои немаат доставено мерки за реализација до есен 2018 година, истите да ги достават до Секретаријатот за европски прашања и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, најдоцна до 14 февруари 2018 година, до крај на работното време.

Истовремено, Владата заклучи на наредната седница да се разгледа Информацијата за поднесување на дополнителна Апликација за техничка помош за проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје“, во рамки на 19-от отворен повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF), за што е потребно Министерството за животна средина да ги обезбеди потребните мислења од надлежните институции и истата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 15.2.2018 година (четврток) или 16.2.2018 година (петок).

**<u>Точка 3</u>**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 15.2.2018 година (четврток) или 16.2.2018 година (петок).

**<u>Точка 4</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со електронско јавно наддавање за изградба на објект со намена Е1-комунална инфраструктура, Е2-комунална супраструктура и Д1-парковско и зеленило, од јавен интерес, со дополнување и Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Општина Теарце, Предлог-заклучоците и текстот на Предлог-одлуката да ги усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и да обезбеди мислења од Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со електронско јавно наддавање за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа), од јавен интерес, со дополнување и Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Општина Теарце, Предлог-заклучоците и текстот на Предлог-одлуката да ги усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и да обезбеди мислења од Министерството за транспорт и врски и Министерството за економија.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за Регионална депонија Русино, општина Гостивар, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт и врски да ја предвиди изработката на државна урбанистичко планска документација за регионална депонија Русино, општина Гостивар во Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, урбанистичко планска - документација и урбанистичко - проектна документација за 2018 година.

**Точка 7**

Владата го одложи од разгледување Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈП „Стрежево“ - Битола, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да постапи по укажувањата изнесени во извештајот на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Материјалот претходно повторно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 8**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за состојбата во „Тутунски комбинат“ АД Прилеп и потребата од активно вклучување на Владата на Република Македонија.

**Точка 9**

Владата по Барањето за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво, од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на „Македонски Железници Транспорт“ АД - Скопје, со Предлог-одлука го донесе најновиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на „Македонски железници транспорт“ АД - Скопје.

Истовремено¸ Владата заклучи трошоците за акцизата и данокот на додадена вредност за отстапените количини на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати да бидат на товар на Македонски железници транспорт АД - Скопје.

## Точка 10

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со вложувања во инфраструктурни проекти финансирани од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и го усвои со следниот заклучок:
- Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со цел успешна реализација на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, во рок од 30 дена, да ги извести Единиците за локална самоуправа, до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да доставаат информација за статусот на проектите финансирани од истата.
Исто така, Владата заклучи да се има предвид мислењето на Министерството за финансии, кое укажува сите мерки да се спроведуваат и димензионираат во рамките на обезбедените средства со Буџетот на Република Македонија.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за повреда на договорните обврски од страна на компанијата „Продис“ ДОО Скопје, корисник на ТИРЗ Скопје 1 и потребата од започнување на постапка за наплата на средства поради активирање на договорни пенали за 2015 и 2016 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија да преземе активности за вон судска наплата на средства по основ на активирање на договорни пенали со законска казнена камата, со компанијата Продис ДОО Скопје.

2. Во случај за неможност за вон судска наплата на средствата, се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија во координација со Државното правобранителство на Република Македонија да отпочне постапка пред надлежен суд за наплата на договорните пенали со законска казнена камата од правниот субјект „Продис“ ДОО Скопје.

3. Се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија веднаш по наплатата на средствата поради активирање на договорни пенали по однос на склучен Договор за доделување државна помош бр. 03-1429/1 од 18.8.2011 година со компанијата „Продис“ ДОО Скопје, до Владата да достави информација за реализираната активност

## Точка 12

Владата ги донесе:

- Најновиот текст на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, во предложениот текст и

- Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство на лекови „Саген“ ДООЕЛ Скопје, како закупопримач, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Програмата за инвестиции во водостопанството за 2018, со нов текст на Инвестициска програма и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство во Програмата за рурален развој за 2018 година да ги планира средствата наведени во Информацијата.

2. Се задолжува АД Водостопанство на Република Македонија во рок од 30 дена да подготви Акциски план за реализација на работите наведени во Информацијата и истиот да го достави до Владата и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

3. Се задолжува АД Водостопанство на Република Македонија да ја реализира Програмата за инвестиции исклучиво доколку се реализираат планираните приходи за 2018 година, односно остварувањето на инвестициите да ја следи динамиката на реализирањето на приходите.

## Точка 14

Владата по Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2018 година, со дополнувањата и со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Министерството за здравство, во предложениот текст и

- Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Министерството за здравство, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата ги разгледа Предлог-одлуките за давање согласност на Решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки/пресуди (разна стока) на Министерство за труд и социјална политика и Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи и ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерството за труд и социјална политика,

- Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи и

- Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, во предложените текстови.

## Точка 17

Владата го разгледа Барањето за ослободување од давачки за набавка на спортска опрема и автомобил за врвен спортист Игор Стефановски - Иџе и притоа заклучи:

- Се задолжува Агенцијата за млади и спорт, во соработка со Автомобилистичката федерација на Македонија и Министерството за финансии, да ги испита сите можности за реализација на потребната набавка на спортска опрема и автомобил за врвниот спортист Игор Стефановски - Иџе.

## Точка 18

Владата го разгледа Извештајот за тековниот статус на болниците во процесот на акредитација (октомври - декември 2017 година), го усвои и ја задолжи Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, во рок од три месеци, да ја извести Владата за тековниот статус на болниците во процесот за акредитација.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за проектот „Контрола на здравствените установи од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, со цел еднаков квалитет на здравствената услуга за секој граѓанин секаде во Македонија" за период јануари - јуни 2018 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за проектот „Контрола на здравствените установи од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со цел еднаков квалитет на здравствената услуга за секој граѓанин секаде во Македонија" за периодот јануари-јуни 2018 година.

2. Се препорачува на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да достави до Владата информација за прогрес на проектот „Контрола на здравствените установи од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со цел еднаков квалитет на здравствена услуга за секој граѓанин секаде во Македонија" во јули 2018 година.

## Точка 20

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Нериман Џеладини, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 21**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - цементен лапорец на локалитетот „Усје“ Сопиште и Кисела Вода, општина Кисела Вода, со концесијата за експлоатација на минерална суровина - цементен лапорец на лежиштето „Усје“, Скопје на „Цементарница Усје“ АД Скопје, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за економија да направи увид на фактичката состојба на терен.

**Точка 22**

Владата ја донесе Националната-програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Нова Брезница, Општина Сопиште, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Нова Брезница, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица со придружни содржани) покрај регионален пат Р1105 (Давидово-Дојран-гр. со Грција) локација Топлец КО Нов Дојран-вон г.р. и КО Нов Дојран, општина Дојран, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица со придружни содржани) покрај регионален пат Р1105 (Давидово-Дојран-гр. со Грција) локација Топлец КО Нов Дојран-вон г.р. и КО Нов Дојран општина Дојран, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со придружни содржини со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Врбјани, Општина Кривогаштани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со придружни

содржини со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Врбјани, Општина Кривогаштани, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост на Исен Исени, Исни Синани, Камбер Синани и Хане Синани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за донесување на ново Решение за формирање Цивилно-воен комитет, со нов текст на Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање Цивилно-воен комитет, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на реализација на активностите за набавка на мобилни пловни објекти за потребите на инспекторската служба при Капетанијата на пристаништата - Охрид, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт и врски најмалку еднаш годишно да ја информира Владата за напредокот на реализација на активностите за набавка на мобилни пловила за потребите на инспекторската служба на Капетанијата на пристаништата - Охрид.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за напредокот на активностите за изработка на наутичка карта за Охридско Езеро, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски, да ја информира Владата по комплетната реализација на овој проект.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на реализација на активностите за санација на пристаништата во Свети Наум, Радожда, Трпејца и Пештани и изградба на платформа кај Охридскиот аеродром, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски, најмалку еднаш годишно да ја информира Владата за напредокот во врска со ова прашање.

**Точка 31**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Реконструкција на државен пат Гостивар-Кичево".

## Точка 32

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на автопат Гостивар - Кичево”.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на автопат Скопје - Блаце” и ја усвои со следните заклучоци:

1. Да се промени динамиката на активностите и почетокот на реализацијата на овој проект наместо втората половина на 2020 година да биде втората половина на 2019 година, а крајот на реализацијата на проектот наместо втората половина на 2023 година да биде втората половина на 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски на квартално ниво да ја информира Владата за реализацијата на овој проект.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на проект „Подготовка на потребна проектна документација за изградба и проширување на канализационата мрежа, за изградба на пречистителна станица за отпадни води и за водоснабдителен систем во општина Арачиново“ и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви формулар за идентификација на операција (OIS) за проектот „Подготовка на потребна проектна документација за изградба и проширување на канализационата мрежа, за изградба на пречистителна станица за отпадни води и за водоснабдителен систем во општина Арачиново“ и во рок од 30 дена истиот да го достави на одобрување до Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, веднаш по одобрувањето на Формуларот за идентификација на операција за проектот „Подготовка на потребна проектна документација за изградба и проширување на канализационата мрежа, за изградба на пречистителна станица за отпадни води и за водоснабдителен систем во општина Арачиново“, истиот да го достави на одобрување до Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија.

3. Се препорачува на Општина Арачиново веднаш до Министерството за животна средина и просторно планирање да номинира лице кое ќе биде задолжено да учествува во спроведувањето на проектните активности кои ќе произлезат во рамките на горенаведениот проект.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската конвенција, со Извештај и усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за поплаката на Бернската конвенција бр. 2015/2: Можни влијанија врз лилјаците на развојот на ветерници во близина на селото Богданци во Република Македонија.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да го достави Извештајот за поплаката на Бернската конвенција бр. 2015/2: Можни влијанија врз лилјаците на развојот на ветерници во близина на селото Богданци во Република Македонија до Секретаријатот на Бернската конвенција, веднаш по усвојувањето на оваа информација.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ја координира подготовката на Извештајот за Поплаката бр. 2017/2: Извештај за наводни негативни влијанија поради развојот на инфраструктурата врз локациите на езерскиот брег на Охридското Езеро и Националниот парк „Галичица“, кандидат за Емералд локација (заштитено подрачје) и да го достави Извештајот до Секретаријатот на Бернската конвенција веднаш по усвојувањето на Информацијата, за изработката на Извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, донесена на неговата 41 сесија (Краков, Полска 2017 година) за состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион - добро впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО, со Предлог-извештај од страна на Владата на Република Македонија.

4. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ја координира подготовката на дополнителниот Извештај за Поплаката бр. 2013/1: Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија и да го достави до Секретаријатот на Бернската конвенција, најдоцна до 28.2.2018 година.

5. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ја координира подготовката на Двогодишен извештај за активностите на Република Македонија кон Бернската конвенција и да го достави до Секретаријатот на Бернската конвенција, најдоцна до 28.2.2018 година.

## <u>Точка 36</u>

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-договорот за доделување на државна помош на корисник на Технолошко индустриска развојна зона на Друштвото за производство, трговија и услуги „ВИК Македонија“ ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп, со Предлог-одлука, и по истиот, ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги „ВИК Македонија“ ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата на предлог на министерот за финансии го одложи разгледувањето на Информацијата за образување на Ревизорски комитет како постојано стручно тело на Владата на Република Македонија, со Предлог-одлука, со заклучок, истата претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања во врска со ова прашање, согласно Извештајот на Комисијата од 9.2.2018 година.

## Точка 38

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Израелската Влада за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.
За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Арта Точи, заменичка на министерот за надворешни работи и д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Наташа Дескоска, директорка во Министерството за надворешни работи и Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за програмата и приоритетите на Бугарското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Билен Саљији, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Радмила Шекеринска, заменичка на претседателот на Владата и министерка за одбрана, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доколку добијат покана за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија да учествуваат и по одржувањето на состаноците во рок од 15 дена да ги известат Владата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања.
2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

## Точка 40

Владата го разгледа новиот текст на Информација со Предлог-стратегија на Република Македонија за справување со пролиферација на оружје за масовно уништување и заштита

од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни закани и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата на Република Македонија за справување со пролиферација на оружје за масовно уништување и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни закани.

2. Се задолжува Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали, да ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Стратегијата за справување со пролиферација на оружје за масовно уништување и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни закани.

3. Се задолжува Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали, во рок од шест месеци, да изработи Акциски план и да го достави до Владата за усвојување.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во координација со Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за внатрешни работи-Управа за безбедност и контраразузнавање, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за финансии-Царинска управа, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Националниот координативен центар за гранично управување, Дирекцијата за радијациона сигурност, Агенцијата за храна и ветеринарство, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и Агенција за разузнавање, во рок од 14 дена, да преземе активности за информирање на меѓународните субјекти, првенствено ЕУ, НАТО и ООН, во врска со усвојувањето на Стратегијата на Република Македонија за справување со пролиферација на оружје за масовно уништување и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни закани.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на една одлука на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Горан Димитриевски против Република Македонија А.бр. 18075/13, со дополнувањето, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права по однос на предметите Крстаноски и други против Република Македонија (А.бр.38024/08) и Гугоски и други против Република Македонија (А.бр.54726/08), со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-

2020 и подготовка на нов акциски план 2018-2020 за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020 (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да подготви Предлог-програма за изменување и дополнувања на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020 и Предлог-акциски план 2018-2020 за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020 и да ги достави до Владата, најдоцна до 30 март 2018 година.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Агенцијата за млади и спорт, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, најдоцна седум дена по усвојувањето на Информацијата, до Министерството за локална самоуправа да номинираат по двајца претставници кои што ќе бидат вклучени во процесот на подготовка на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020 и на Предлог-акцискиот план 2018-2020 за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020.

## Точка 44

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред, Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „МАМ“ ДОО Свети Николе за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, поради потребата од дополнителни усогласувања во врска со ова прашање.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Изградба на културно-образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува НУ Центар за култура „Ињо Антески-Смок“- Тетово, да спроведе постапка за набавка на проект за внатрешно уредување за изградба на театар и библиотека во Тетово, со проценета вредност од најмногу 4,900.000,00 денари, а средствата да се обезбедат од расположливите средства во Буџетот на Министерството за култура за 2018 година, од програма 49 - Театар и библиотека во Тетово, во Раздел 18010 - Министерство за култура.

2. Финансиските средства за изведба на работите според овој проект ќе се обезбедат повеќегодишно, во зависност од динамиката на изведба на работите и во зависност од инвестиционата вредност на проектот, која пак не треба да излезе од иницијално проектираната вредност за преостанатите фази од ентериерот, односно 1.599.000.000,00 денари или 26.000.000,00 евра.
3. Се задолжува НУ Центар за култура „Иљо Антески-Смок" - Тетово, по обезбедувањето на проектната документација за ентериер, за содржината на истата да достави информација до Владата, преку Министерството за култура.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - кварцити на локалитетот „Грамади" кај с.Оморани, општина Чашка, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - кварц на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало „Емви-комерц" ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Бел Камен", Општина Крушево, на предлог на предлагачот, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнително усогласување на материјалот, согласно укажувањата на Министерството за финансии, како и потребата предлагачот да обезбеди мислење од Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 49**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - туларска глина на Акционерско друштво „Оранжерии" с. Хамзали Босилово на локалитетот „Петрино - Болно" Општина Ресен, на предлог на предлагачот, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата да се постапи согласно Мислењето на Министерството за финансии, како и потребата предлагачот да обезбеди мислење од Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 50**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - андезитски туфови на Друштвото за транспорт и трговија „ДМ-Прециз" ДОО Штип на локалитетот „Лозенско Брдо", Општина Карбинци за наредната седница на Владата, имајќи го предвид негативното мислење од Општина Карбинци, како и поради потребата да се обезбеди мислење од Јавното претпријатие за државни патишта.
Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика

**Точка 51**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на согласност за пренос на удел, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за економија:

1. Да достави нов текст на Предлог-одлуката, во кој ќе бидат избришани матичните броеви на физичките лица.

2. Да достави нов текст на Образложението на Предлог-одлуката, согласно забелешките изнесени во Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

3. Да достави потврда за платени долгови на Друштвото по основ на радиодифузна такса.

**Точка 52**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги „Ас гранулат“ ДОО експорт импорт Струга на локалитетот „Градиште“ с.Могорче, општина Дебар, поради потребата да се постапи по укажувањата изнесени во Извештајот на Комисијата за економски систем и тековна економска политика од 9.2.2018 година.
Предметниот материјал претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „DYNAMIC FRONT III 18 - 1, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлогот за затворање на Почесниот конзулат на Република Македонија во Република Албанија, со седиште во Драч, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Предлогот за затворање на Почесниот конзулат на Република Македонија во Република Албанија, со седиште во Драч.

2. Ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Македонија во Република Албанија, со седиште во Драч, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлогот за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во Република Албанија, со седиште во Драч, со Предлог-решение и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Предлогот за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во Република Албанија, со седиште во Драч.

2. Го донесе Решението за отповикување на Почесниот конзул на Република Македонија во Република Албанија, со седиште во Драч, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе најновиот текст на Решението за изменување на Решението за именување членови, заменици членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Иван Куков, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за политички систем, поради потребата Министерство за внатрешни работи да побара од барателот за прием во државјанство да ги прибави потребните документи за утврдување на исполнетоста на условите за добивање на државјанство согласно Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/2005 и 161/2012).

**Точка 59**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Бариш Бумин, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за политички систем, поради потребата Министерство за внатрешни работи да побара од барателот за прием во државјанство да ги прибави потребните документи за утврдување на исполнетоста на условите за добивање на државјанство согласно Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/2005 и 161/2012).

**Точка 60**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Цукоски (Учак) Алириза, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за политички систем, поради потребата Министерство за внатрешни работи да побара од барателот за прием во државјанство да ги прибави потребните документи за утврдување на исполнетоста на условите за добивање на

државјанство согласно Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/2005 и 161/2012).

## Точка 61

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Ленгерас Константинос, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за политички систем, поради потребата Министерство за внатрешни работи да побара од барателот за прием во државјанство да ги прибави потребните документи за утврдување на исполнетоста на условите за добивање на државјанство согласно Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/2005 и 161/2012).

## Точка 62

Владата го разгледа Барањето на Есер Џевахир, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

## Точка 63

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница-Гостивар во предложениот текст.

## Точка 64

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство-Скопје, во предложениот текст.

## Точка 65

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом ,,Томе Стефановски Сениќ” - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 66

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 107 став 1 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14 и 226/15), поднесено од пратениците Панчо Минов и Ристе Ташев и притоа го утврди следново мислење

Во членот 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија е пропишано дека „Барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, јавниот обвинител на Република Македонија, народниот правобранител, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење.“. Во членот 176 од наведениот деловник е утврдено дека барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието и содржи назив на законот, одредбите на кои се бара толкување и причините за тоа. Барањето за давање на автентично толкување на закон, претседателот на Собранието го упатува до Законодавно-правната комисија и до Владата. По барањето за давање на автентично толкување на закон, Законодавно-правната комисија може да бара мислење од матичното работно тело на Собранието. Законодавно-правната комисија, откако ќе прибави мислења од Владата и од матичното работно тело, оценува дали барањето за давање на автентично толкување е оправдано. Ако Законодавно-правната комисија оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано, изготвува предлог на автентично толкување и го доставува до Собранието.

По предлогот за автентично толкување на закон и евентуално по поднесени амандмани, Собранието расправа и одлучува на иста седница. Предлогот на автентичното толкување се усвојува со истото мнозинство со кое се донесува законот на кој се дава автентичното толкување. Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Македонија“. Ако Законодавно-правната комисија оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, ќе поднесе извештај на Собранието, кое одлучува по барањето. За одлуката на Собранието се известува подносителот на барањето.
Во член 107 став 1 од Кривичниот законик е пропишано:

„Застареност на кривичното гонење
Член 107
(1) Ако во овој законик не е поинаку определено, кривичното гонење не може да се преземе кога ќе поминат:
1) 30 години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече казна доживотен затвор,
2) 20 години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над десет години,
3) десет години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над пет години,
4) пет години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над три години,
5) три години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над една година и
6) две години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор до една година или парична казна.
(2) Ако за кривичното дело се пропишани повеќе казни, рокот на застареноста се определува според најтешката пропишана казна.“
Подносителите на Барањето за автентично толкување наведуваат дека „Во кривичните постапки за кривичните дела за кои е утврдена минимална казна затвор, некои од учесниците во постапката (обвинителства, судови, адвокати и т.н.) сметаат дека при утврдување на рокот на релативна застареност треба да се има предвид максималната казна затвор од 20 години.“ Понатаму, подносителите на Барањето за автентично

толкување истакнуваат дека „Проблемот во примената на членот и потребата од автентично толкување на истиот е основниот институт на кривичното право - застареност, односно дали при примена слободно може да се толкува членот во однос на релативната застареност и за кривични дела каде е предвидена казна затвор над десет години и за кривични дела каде е предвидена казна затвор над една година, истата (релативна застареност) да изнесува 20 години."

Под застареност на кривичното гонење согласно членот 107 од Кривичниот законик се подразбира престанување на правото на државата за гонење на сторителот на кривичното дело поради протек на законски определеното време од извршувањето на делото. Поимот „кривично гонење" во овој случај има пошироко значење од вообичаеното и се однесува како на поведувањето, така и на водењето на кривичната постапка. Ако до настапувањето на застареноста кривичната постапка не е поведена, таа повеќе не може да се поведе, а ако е поведена постапката ќе се запре. Одредбата од Кривичниот законик која се однесува на застареноста на кривичното гонење е јасна и недвосмислена.
Од остварените контакти со јавните обвинителства и од анализата за примената на оваа одредба во практиката, произлегува дека правосудните органи доследно ја применуваат и не се јавува проблем со различно толкување на членот 107 од Кривичниот законик. Од тие причини членот 107 од Кривичниот законик е јасен и не е потребно давање автентично толкување за наведената одредба.

## Точка 67

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање автентично толкување на член 218 став 1 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија", бр. 72/2016 и 142/2016), поднесено од пратеникот Томислав Тунтев, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, со заклучок Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за здравство да достават мислења, согласно Мислењето на Министерството за правда, а потоа се задолжува Министерството за правда да подготви заедничко мислење по Барањето, врз основа на добиените мислења.

## Точка 68

Владата ја разгледа Иницијативата од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.109/17, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 236 став (1) точка 4 и став (2) точка 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/15, 226/15 и 55/16) и притоа го утврди следното мислење:

-Во однос на оспорените одредби на член 236 став (1) алинеја 4 и став (2) точка 3, подготвен е Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, кој е во владина постапка, со кој наведените одредби кои се оспорени со предметната Иницијатива, се изменети во насока на надминување на конкретните дилеми содржани во истата.
Согласно ова Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## <u>Точка 69</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокатот Димитар Петровски доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У. Бр.133/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15 и 132/17) и Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/17) и притоа го утврди следново мислење:

- Во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15 и 132/17) и Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/17) се наведува дека членот 2 став 1 во делот: "и исполнет нормиран учинок" и ставовите 2, 3 и 4 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15 и 132/17), член 3 став 1, член 5 ставовите 1 и 3 во делот " не утврди нормиран учинок (член 2 став 2) и не издаде потврда за остварениот нормиран учинок (член 2, став 4)" и член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата („Службен весник на Република Македонија" бр.132/17) не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 32, ставовите 3 и 5, член 51 и член 58 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Подносителот на Иницијативата, ја смета за неуставна одредбата на член 2 став 1 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15 и 132/17), според која минимална плата е најнискиот месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време и исполнет нормиран учинок.

Според подносителот, неуставни се и одредбите од член 2 ставовите 2, 3 и 4 од Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата („Службен весник на Република Македонија" бр.132/17), каде е уредено дека нормираниот учинок се утврдува од страна на работодавачот, секоја година, во февруари, врз основа на критериуми на ефикасност на производниот процес, утврдени од страна на работодавачот во соработка со работниците, а кои критериуми мора да се исти за секоја техничко-технолошка целина кај работодавачот.

Со ставот 2 предвидено е дека нормираниот учинок треба да е остварлив за најмалку 80% од бројот на вработените за секоја техничко-технолошка целина, поодделно.

Работодавачот е должен, на крајот на секој месец, на работникот да му издаде потврда за остварениот нормиран учинок, заедно со писмената пресметка на платата (став 4). Подносителот на Иницијативата има забелешки и во однос на член 3 од Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата, според кој исплатената висина на минималната плата во бруто износ за претходната година се усогласува во март секоја година со:
- една третина од порастот на просечно исплатената плата во Република Македонија,
- една третина од порастот на индексот на трошоците на живот и

- една третина од реалниот пораст на бруто домашниот производ, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Неуставност според подносителот на Иницијативата постои и во член 5 од Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата, каде е утврдена глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност која ќе му се изрече за прекршок на работодавач - правно лице, ако:
- не утврди нормиран учинок (член 2 став 2) и
- не издаде потврда за остварениот нормиран учинок (член 2 став 4), а глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член на одговорното лице во правното лице.

Неуставност според подносителот на Иницијативата постои и во член 10 од Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата, со кој е уредена висината на минималната плата во бруто износ за исплата на плата за септември 2017 година заклучно до исплатата на платата за јуни 2018 година, да изнесува 17.130 денари.

Наведените одредби од Законот, според подносителот на Иницијативата, се неодржливи во правниот поредок на Република Македонија од уставно-правен аспект, односно со исполнетиот нормиран учинок, критериумите на ефикасност на производниот процес, во соработка со работниците, со бруто износот на минималната плата се обезвреднува гарантираната висина на минималната плата и таа не може да го достигне најнискиот месечен износ на основна плата, како што е уредено во општата одредба на член 2 став 1 од Законот за минимална плата во Република Македонија.

Понатаму, неуставност според подносителот на Иницијативата постои затоа што не е определено што се подразбира под поимот критериуми на ефикасност на производниот процес и како и на кој начин ќе се обезбеди соработка со засегнатите работници, преку кој правен акт, бидејќи според член 32 став 5 од Уставот на Република Македонија, остварувањето на правата на работниците и нивната положба се уредува само со закон и колективен договор, а не во соработка со работниците.

Иницијаторите, сметаат дека владеењето на правото подразбира доследна примена на законски прописи, кои треба да се општи, точно одредени и недвосмислено формулирани правила, а не непрецизни и непропорционални, како што според нив се оспорените законски одредби и термини.

Според нив, со овие законски одредби нема да има гарантирана минимална плата за работниците со полно работно време, поради вметнатите термини, како исполнет нормиран учинок, критериуми за ефикасност на производниот процес, во соработка со работниците и висината на минималната плата во бруто износ.

Неуставност според подносителот на Иницијативата постои поради постоењето на овие термини и тие претставуваат пречка за остварување на минимална плата за работниците согласно закон.

Понатаму според подносителите на Иницијативата со изразувањето на минималната плата само во бруто износ се нарушува правната сигурност на работниците, од причини што истите не може да бидат сигурни дека износот од 12.000 денари во нето износ кој треба да им се исплатува со донесувањето на законот ќе им се исплатува и во иднина, поради тоа

што придонесите од задолжително социјално осигурување и даночното ослободување се варијабилни и може да дојде до намалување на минималната плата која се исплаќа на работниците во нето износ. Според нив, согласно член 32 став 3 од Уставот на Република Македонија е предвидено дека секој вработен има право на соодветна заработувачка, а како цел на донесувањето на овој закон е да се обезбеди на работниците пристоен животен стандард, па затоа иницијаторите сметаат дека истата треба да биде изразена во нето износ.

Во Иницијативата доставена до Уставниот суд, предлагачот смета дека согласно членот 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со Уставот е уредено дека темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се: основните слободи и правото на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста и по својата суштина ги негира дискриминацијата, привелигиите и повластувањата по основ на социјалното потекло и општествената положба.

Меѓутоа, според иницијаторите, вработените кои примаат минимална плата се дискриминирани во однос на другите вработени поради наведените причини, а според предлагачите согласно членот 51 од Уставот на Република Македонија е уредено дека во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да го почитува Уставот и законите.

Напред наведените одредби од Законот за минимална плата и Законот за измени и дополнување на Законот за минимална плата не се во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 32 став 3 и 5, член 51 и 58 од Уставот на Република Македонија поради следниве причини:

- Нема неуставност на член 2 став 1, 2, 3, и 4 од Законот со ниедна од напред наведените одредби од Уставот на Република Македонија бидејќи со Законот за минимална плата во Република Македонија, во ставот (1) е предвидено дека минимална плата е најнискиот месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време и исполнет нормиран учинок. Со измените и дополнувањата на Законот, се изврши дополнување на членот 2 со три нови става според кои нормираниот учинок се утврдува од страна на работодавачот, секоја година, во февруари, врз основа на критериуми на ефикасност на производниот процес, утврдени од страна на работодавачот во соработка со работниците, а кои критериуми мора да се исти за секоја техничко-технолошка целина кај работодавачот (став2).

Со ставот (3) од истиот член е предвидено дека нормираниот учинок треба да е остварлив за најмалку 80% од бројот на вработените за секоја техничко-технолошка целина, поодделно.

Со ставот (4) е предвидена обврска на работодавачот, на крајот на секој месец, на работникот да му издаде потврда за остварениот нормиран учинок, заедно со писмената пресметка на платата.

Согласно членот 2 став 1 од Законот за минимална плата во Република Македонија, во кој е предвидено дека минималната плата е најнизок месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за полно работно време и исполнет нормиран учинок, па поради тоа и исплатата на платата на работникот, меѓу другото, треба да зависи од однапред утврдени и остварливи резултати на работникот во работниот процес. Заради допрецизирање на поимот нормиран учинок, со измените и дополнувањата на Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.132/17) само се утврди начинот како, врз основа на што и кој треба да го утврди нормираниот учинок за да може на работникот да му се исплати минимална плата согласно закон. Со Законот се дава можност нормираниот учинок да се утврдува од страна на работодавачот во соработка со работниците, врз основа на ефикасност на производниот процес, односно при неговото утврдување треба да учествуваат двете страни, истиот да е прифатлив за поголем број на вработени и да е познат на почетокот на годината. Сметаме дека ваквиот пристап на утврдување на нормираниот учинок е остварлив затоа што при утврдувањето на нормираниот учинок учествуваат двете страни, со што се обезбедува транспарентност при неговото утврдување и не се создава простор за обезвреднување на минималната плата ниту пак е пречка за остварување на минималната плата согласно закон. Исто така и при утврдувањето на критериумите на ефикасност на производниот процес е предвидено да учествуваат двете страни (работодавачот и работникот), при што е потребна взаемна согласност при утврдување на истите, во форма и содржина за која страните ќе постигнат согласност, а со тоа ќе се обезбеди гаранција за исплата на минимална плата.

Изразувањето на минималната плата во бруто износ согласно членот 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија, не ја нарушува правната сигурност на работниците, туку го следи концептот на бруто плата кој во правниот систем е воведен од 2009 година и заради целосна имплементација на истиот беа извршени низа законски измени. Од овие причини задржан е концептот на бруто плата и во Законот за минимална плата во Република Македонија и со имплементација на истиот во овој Закон не може да се доведе до намалување на платата која се исплаќа на работниците.

Во однос на издавањето на потврдата за исполнет нормиран учинок, сметаме дека на овој начин се овозможува дополнителна заштита на работникот дека работодавачот соодветно ја утврдил висината на платата во зависност од исполнетоста на нормата, а во исто време работникот со поседувањето на потврдата има гаранција дека работодавачот е должен на работникот да му исплати минимална плата во висина утврдена со закон.

Со утврдената висина на глоба за работодавачот - правно лице и одговорното лице во правното лице, се обезбедува директна заштита на работничките права во делот на исплатата на минимална плата.

Според напред наведеното, одредбите од членот 2 став 1, 2, 3 и 4, член 3 став 1, член 5 став 1 и 3 и член 10 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15 и 132/17), не се во спротивност со одредбите од член 9 став 1 и 2, член 32 став 1, 2, 3 и 4, член 58 став 1, член 8 став 1 алинеја 3 и 8, член 11 став 2, член 34 член 35 став 1, член 54 став 1 и 3 и член 51, од Уставот, ниту пак се загрозува слободата и правото на работа како основни постулати на проблематиката за вработување, како круцијално економско право на граѓаните согласно Уставот на Република Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, се смета дека Иницијативата поднесена до Уставниот суд на Република Македонија под У. Бр.133/2017 од адвокатот Димитар Петровски, за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за минимална плата и Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата, е неоснована, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не поведува постапка за оценување на уставноста на наведената законска одредба, со оглед на фактот што истата е во согласност со Уставот на Република Македонија.

## Точка 70

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија под У бр. 87/2017 донесено на седницата одржана на 20 декември 2017 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 14 во делот: „потпретседател на Владата“ од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр.36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13 и 139/14) и притоа го утврди следново мислење

- Прашањата во врска со платите, надоместоците од плати кои им припаѓаат на избраните и именуваните лица од денот на изборот, односно назначувањето до крајот на месецот во кој им престанала функцијата, како и правата по престанувањето на функцијата, се уредени со Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/90, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12 и 139/14).

Во предметната Иницијатива е наведено дека се бара измена на Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12 и 145/12), поради противуставна одредба која се содржи во него, со оглед дека Уставот на Република Македонија (член 89) и Законот за Владата на Република Македонија не ја предвидувале функцијата потпретседател на Влада, односно се бара бришење на делот за потпретседателите на Влада во член 14 од Законот, со цел да се изедначи коефициентот за плати и надоместоци на т.н. потпретседатели на Влада со останатите министри во Владата, како единствено законско решение согласно Уставот на Република Македонија.

Согласно член 89 ставови (1) и (6) од Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија ја сочинуваат претседател и министри, а организацијата и начинот на работата на Владата се уредува со закон.

Во Законот за Влада на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), со член 16 е уредено претседателот на Владата на Република Македонија од редовите на министрите да определува заменици, на кои согласно став (3) може да им довери вршење на одделни работи што произлегуваат од неговите права и должности.

Според член 8 став 1 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, средствата за платите на функционерите се обезбедуваат зависно од општественото значење и вредноста на работите и задачите што ги вршат и од сложеноста, обемот и вкупниот придонес што функционерот со својот труд го дава во остварувањето на правата и должностите на органот во кој ја врши функцијата.

Со оглед, дека, со предметната Иницијатива се оспорува член 14 во делот „потпретседател на Владата“ од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, со аргумент дека Уставот на Република Македонија и Законот за Владата на Република Македонија не ја предвидуваат функцијата потпретседател на Владата на Република Македонија, укажуваме дека посочените одредби во наредниот период би требало да бидат предмет на терминолошко усогласување, во смисла зборовите „потпретседател на Владата“ да бидат заменети со зборовите „заменик на претседателот на Владата“.

Разликата помеѓу коефициентот за утврдување на плата на потпретседателот на Владата, односно заменикот на претседателот на Владата и членот на Владата произлегува од сложеноста и обемот на работите и задачите што истите ги вршат во остварување на правата и должностите на органот во кој ја вршат функцијата.

Исто така, сметаме дека оспорените одредби не се противуставни, туку се работи за потреба од усогласување на одредбите од член 14 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, кои би требало да бидат усогласени со Законот за Владата на Република Македонија.

Согласно наведеното, не станува збор за суштинска, туку за терминолошка неусогласеност, а ова ако се има предвид дека и подносителот на Иницијативата бара оценување на уставноста на Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Република Македонија, на кој називот не е точно наведен, односно истиот терминолошки се разликува од точниот назив на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, кој е во важност.

Врз основа на горе наведеното, Владата на Република Македонија смета дека одредбите од член 14 од Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12 и 145/12) се во согласност со Уставот на Република Македонија.

## Точка 71

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Понудата од нотар Драган Иванов за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.54371 за КО Кисела Вода 1 на КП бр.4552 поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави ново мислење по Понудата и истата претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192529 за КО Драчево 2 на КП бр.12227 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.1411, КО Долно Лакочереј на КП бр.1219/8, КП бр.485, КП 486/1 и КП бр.497/2 викано/место Габовци и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Петровска Стефановска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 98877 за КО Центар 1 на КП бр. 9098, викано место/улица Подграѓе и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2153 за КО Сингелиќ- 1 на КП бр.4079 викано место/Стар пат СК-КУ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3230 за КО Маџари на КП бр.1107 викано место/улица 852 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 77**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот од нотар Лидија Смиљаноска од Скопје, за размена на недвижни ствари сопственост на Република Македонија со недвижни ствари - приватна сопственост со Имотен лист бр. 389 за КО Бујковци, пописен лист бр. 97 за КО Бујковци, пописен лист бр.98 КО Бујковци, пописен лист бр. 232 за КО Бујковци, Имотен лист бр. 54 за КО Бунарџик, Имотен лист бр. 129 за КО Миладиновци, Имотен лист бр.5371 за КО Миладиновци, Имотен лист бр. 5378 за КО Миладиновци, Имотен лист бр. 5452 за КО Миладиновци и пописен лист бр. 137 за КО Мршевци, со заклучок материјалот повторно да се разгледа по донесување на соодветната уредба со која ќе се уреди продажбата на земјоделското земјиште во државна сопственост и докомплетирање на предметот со податоците наведени во Известувањето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 78

Владата ја разгледа Информацијата во врска со дополнување на предмети на седниците на работните тела на Владата (ГК, КЕСТЕП, КЧРОР и КПС) и седниците на Владата, по нивното закажување, со прилозите кон неа, како материјал за информирање.

## Точка 79

**1.** Владата го разреши Реџеп Реџепи од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница - Тетово.

**2.** Владата ја разреши Арта Ислами, од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје.

**3.** Владата го разреши Фатмир Џафери од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје.

**4.** Владата ја разреши Марије Ѓетај- Јаковски од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија - Скопје.

**5.** Владата го разреши Фатмир Елези од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар - Скопје.

**6**. Владата го разреши Ариф Селмани од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" - Скопје.

**7.** Владата го разреши Рамиз Азири од должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми"-П.О. Скопје.

7.1. Владата го именува Мегди Ајдари за член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми"-П.О. Скопје.

**8.** Владата го разреши Фатмир Меџити од должноста вршител на должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

**9.** Владата го разреши Иси Идризи од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

**10.** Владата го разреши Мемиши Шевал од должноста член на Националната комисија за учебници претставник од редот на основните и средните училишта.

**11.** Владата го именува Шевал Нухиу за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар.

**12.** Владата го разреши Бесник Неџипи од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон"- Скопје.

12.1. Владата го именува Ајсел Иљази за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“- Скопје.

**13.** Владата го разреши Арѓент Имери од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија - Скопје.

13.1. Владата го именува Авни Елези за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија - Скопје.

**14.** Владата го именува Мухамед Селими за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово.

**15.** Владата го разреши Фатмир Ферати од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје.

15.1. Владата го именува Валдет Велиу за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје.

**16.** Владата го именува Хасип Беќири за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈУ за деца - детско одморалиште „Илинден“ - Гостивар.

**17.** Владата ја именува Анила Рацај за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје.

**18.** Владата го именува Дејан Колев за член на Управниот одбор - претставник на основачот на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци “ во Штип.

**19.** Владата го разреши Огњан Цигоски од должноста член на Управниот одбор- претставник на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови.

19.1. Владата го именува Зафкет Веапи за член на Управниот одбор- претставник на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови.

**20.** Владата од должноста претседател и член на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, ги разреши:

а) од претседател:
- Шанија Ајровски

б) од член:
- Исмет Абдули

20.1. Владата за претседател и членови на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, ги именува:
а) за претседател:
- Огњан Цигоски

б) за членови:
- Јоше Попоски и
- Мухарем Имеровски.

**21.** Владата го именува Дарко Каевски досегашен вршител на должност директор на Агенцијата за млади и спорт, за директор на Агенцијата за млади и спорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**22.** Владата го именува Даријан Сотировски за директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**23.** Владата го избра Александар Петровски досегашен вршител на должност управител на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за управител на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје.

**24.** Владата ја именува Зорица Апостолска, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, за претседател на македонскиот дел на Мешовитата комисија за следење на спроведувањето на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина. Со именувањето на новиот претседател на Мешовитата комисија за следење на спроведувањето на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, на досегашниот претседател м-р Зоран ставрески му престанува мандатот.

**25.** Владата го разреши Мишко Пупуловски од должноста претседател на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Пелистер- Битола, на негово барање.

**26.** Владата ја разреши Ефросима Диновска од должноста член на Управниот одбор- од редот на стручните работници на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, на нејзино барање.

**27.** Владата ја разреши Лилјана Трајановска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Детски дом „11 Октомври“- Скопје, на нејзино барање.

**28.** Владата го разреши Ненад Миноски од должноста претседател на Комисијата за жалби, на негово барање.

**29.** Владата го разреши Ќерим Махмути од должноста вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес.

29.1. Владата го именува Антонио Димов за вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**30.** Владата заклучи, предлозите за именување на членови на: Надзорниот одбор на Друштвото фабрика за шински возила „Велес“, ДООЕЛ - Велес, Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево, Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ - Пробиштип, Управниот одбор на Јавното

претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес, Одборот за контрола на материјално - финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес, Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа „Национален парк Галичица“, Охрид, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат” - Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финасиското работење на ЈП за берзанско работење „Агро-Берза“ - Скопје и Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, да ги разгледа на една од наредните седници.

**31.** Владата заклучи, Предлогот за избор на независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, да се разгледа на една од наредните седници.

**32.** Владата заклучи, Предлогот за отповикување од должност и избор на неизвршен член на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, да се разгледа на една од наредните седници.

**33.** Владата заклучи предлогот за избор на независен член на Надзорен одбор на АД за производство на електрична енергија Електрани на Македонија во државна сопственост, Скопје, да се разгледа на една од наредните седници.

## Точка 80

**1.** Владата го донесе Решението за поништување на Решението за утврдување категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

Истовремено, се задолжува Комисијата за надзор над Комисијата за категоризација на угостителски објекти да изврши надзор во угостителскиот објект Хотел „Бањиште“ - Дебар.

**2.** По повод четиринаесет годишнината од авионската несреќа кај Ротимље, Мостар, Босна и Херцеговина, Владата заклучи на овогодинешното одбележување на 26.2.2018 година, да присуствуваат следниве делегации:

а) Во Босна и Херцеговина:

- д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и
- Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа;

б) Во Струмица:

- д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и
- Кирил Парталов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа;

в) Во Бутел - Скопје:

- Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа и
- Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 5.2.2018 година до 11.2.2018 година и согласно член 31 став 2 од Законот за управување со кризи, заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 81**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Македонија", за период јули-септември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупно потрошени финансиски средства за спроведување на Акцијата „Ден на дрвото-засади ја својата иднина" (од почетокот до сега), со резултатите и ефектот од реализацијата на акцијата (податоци за тоа колку од посадените садници преживеале), со дополнувањето кон него, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата заклучи, директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми, „Македонски шуми" - Скопје да одржи прес-конференција за медиумите, со цел запознавање на јавноста со анализите и податоците од оваа информација.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-мерки за подобрување на финансиската состојба на ЈП за водостопанство Лисиче - Велес, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата го разгледа новиот текст на Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД „Македонска пошта"-Скопје, за периодот април-јуни 2017 година, со дополнувањата кон него, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата и препорача на Агенцијата за пошти да се погрижи за правилно спроведување на Законот во делот на резервирани поштенски услуги согласно постојните законски надлежности.
Исто така, АД „Македонска пошта"-Скопје, да го има во предвид мислењето на Министерството за транспорт и врски во кое се укажува да се преземат активности и мерки за унапредување на работата во давање поштенски услуги како основна дејност на компанијата.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на производството на локомотивите, нивната техничка усогласеност со прописите на Европската Унија, како и за статусот на проектот, односно временска рамка за реализација на истиот, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата во која се наоѓаат набавените превозни средства и дали дел од нив се дадени на други оператори на користење, со дополнувањето кон неа, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2016 година во ЈЗУ Здравствен дом-Кочани, сметка за средства од Фондот, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство да го задолжи ЈЗУ Здравствен дом-Кочани, да изработи Акциски план согласно дадените забелешки од страна на Државниот завод за ревизија, а потоа Министерството за здравство да го следи и контролира исполнувањето на Акцискиот план.

**Точка 88**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план за работењето на АД МЕПСО - Скопје за 2018 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата го разгледа новиот текст на Годишната програма за работа на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2018 година, со дополнувањата кон материјалот, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2018 година, со дополнувањата кон него, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата му укажа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје да ја реализира Инвестиционата програма од Финансискиот план, исклучиво доколку се реализираат планираните приходи за 2018 година.

**Точка 91**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогрес на активностите во реализација на проектот „Изградба и реконструкција на железничката делница Битола-Кременица како дел од кракот 10д од Коридорот 10“, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите во Скопје и Охрид, заклучно со декември 2017 година на ТАВ Македонија, со прилозите кон неа, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогрес на активностите во реализација на Акцискиот план за проектот „Изградба на регионален пат Опае-Белановце-Станчиќ-граница со Косово", како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите во реализација на Акцискиот план за проектот „Доизградба на регионален пат крак 1 од Р-418 (фаза 2), на потег фабрика „Вевчанка" - Здравствен дом Вевчани, општина Вевчани", како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите во реализација на Акцискиот план за проектот „Модернизација и електронска наплата на патарини во Република Македонија", како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Рехабилитација на пат Кочани (Превалец) - Македонска Каменица - Делчево", како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на експресен пат Штип - Кочани", како материјал за информирање.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Рехабилитација на автопат Неготино - Демир Капија", како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Рехабилитација и реконструкција на пат Крива Паланка - Деве Баир" (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Реконструкција на регионален пат Скопје-Македонски Брод, делница мост Близанско - Калуѓерец", како материјал за информирање.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на експресен пат Штип-Радовиш", како материјал за информирање.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Реконструкција на автопат Велес-Градско", рехабилитација на сообраќајна возна лента на државен пат А1, делница Велес (Штипска клучка) - Градско и Градско - Велес (Штипска клучка), како материјал за информирање.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на автопат Миладиновци-Штип", како материјал за информирање.

**Точка 104**

Владата го разгледа Извештајот за колку студенти досега се стипендирани од страна на Република Македонија во странство, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности за реализација на проектот „Имплементација на законодавството за заемно признавање на професионалните квалификации" финансиран од ИПА Компонента I - програма Помош при транзиција и јакнење на институции 2011 - во период март 2017 - септември 2017 и за завршниот период, како материјал за информирање.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на реализација на програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамки на Инструментот за претпристапна помош за период јуни-декември 2017 година, со Табеларен приказ, како материјал за информирање.

**Точка 107**

Владата го разгледа Извештајот во врска со организирани и спроведени генерички обуки од областа на стратешкото планирање во текот на четвртиот квартал од 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за барање за упатување на предметот „Православна Охридска Архиепископија (Грчко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија)" против Република Македонија, А.бр. 3532/07 до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права, ја усвои Информацијата и заклучи да поднесе

барање за упатување на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот „Православна Охридска Архиепископија (Грчко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија)“ против Република Македонија, А.бр. 3532/07 со која се констатираше повреда на повреда на членот 11 (кој ја гарантира слободата на собирање и здружување) во врска со членот 9 од Европскиот суд за човекови права (кој ја гарантира слободата на вероисповед) поради одбивањето на домашните институции да го регистрираат здружението апликант, на преиспитување до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права.

## Точка 109

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изработката на извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО донесена на неговата 41-ва сесија (Краков, Полска 2017) за состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион-добро впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО, со Предлог-извештај и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО донесена на неговата 41-ва сесија (Краков, Полска 2017) за состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион - добро впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО.
2. Се задолжува Министерството за култура - Национална комисија за УНЕСКО во рок од 10 дена Извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО донесена на неговата 41-ва сесија (Краков, Полска 2017) за состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион -добро впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО да го достави до Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

## Точка 110

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Заедницата на единиците на локалната самоуправа, со заклучок предлагачот да го усогласи номотехнички текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 111

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар, во предложениот текст.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 17:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Зоран Заев**